# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
# ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

# УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА ЕКОНОМСКИТЕ РЕГИОНАЛНИ СИСТЕМИ: ЕВРОАЗИСКА ПЕРСПЕКТИВА

## VI Меѓународна научна и практична конференција

# УПРАВЛЕНИЕ РАЗВИТИЕМ ЭКОНОМИЧЕСКИХ И РЕГИОНАЛЬНЫХ СИСТЕМ: ЕВРАЗИЙСКАЯ ПЕРСПЕКТИВА

## VI Международная научно-практическая конференция

30-31 мај 2016 година,
Штип, Македонија
30-31 мая, 2016
Штип, Македония

**ИЗДАВА / ИЗДАТЕЛЬ**

Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет, Штип, Република Македонија
Университет «Гоце Делчев», Экономический факультет, Штип, Македония

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК / РЕДАКТОР**
Проф. д-р Трајко Мицески

**ГЛАВНИ УРЕДНИЦИ / ГЛАВНЫЕ РЕДАКТОРЫ**
Доц. д-р Благица Колева, Доц. д-р Елена Веселинова, доц. д-р Емилија Митева Кацарски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР / РЕДАКЦИЯ**
Проф. д-р Трајко Мицески (Р. Македонија, претседател), Доц. д-р Љупчо Давчев (Р. Македонија), Доц. д-р Елена Веселинова (Р. Македонија), Доц. д-р Марија Гогова Самоников (Р. Македонија), Доц. д-р Тамара Јованов Марјанова (Р. Македонија), Доц. д-р Благица Колева (Р. Македонија), Проф. д-р Александар Гачев (Р. Бугарија), Проф. д-р Јово Атељевиќ (Босна и Херцеговина), Проф. д-р Сузана Стефановиќ (Р. Србија), Проф. д-р Мехмет Билгин (Р. Турција), Проф. д-р Никос Хоурвоулиадес (Р. Грција), Доц. д-р Ольга Яскина (Русија).

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / ОРГАНИЗАЦИОННЫЙ КОМИТЕТ**
Проф. д-р Трајко Мицески, Проф. д-р Ристе Темјановски, Проф. д-р Круме Николовски, Проф. д-р Оливера Ѓоргиева – Трајковска, Проф. д-р Еленица Софијанова, Проф. д-р Јанка Димитрова, Доц. д-р Љупчо Давчев, Доц. д-р Елена Веселинова, Доц. д-р Марија Гогова – Самоников, Доц. д-р Тамара Јованов – Марјанова, Доц. д-р Емилија Митева – Кацарски, Доц. д-р Благица Колева, Доц. д-р Стеван Габер, Доц. д-р Илија Груевски, Доц. д-р Дарко Лазаров, Проф. д-р Роман Власов, Доц. д-р Алена Позаженикова, Проф. д-р Ердоган Ѓунџуполат.

**ЛЕКТУРА / КОРРЕКТУРА**
Даница Гавриловска-Атанасовска
(македонски јазик)
Проф. д-р Костадин Голаков
(русский язык)

**ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ / ТЕХНИЧЕСКИЙ РЕДАКТОР**
Славе Димитров
Благој Михов

**РЕДАКЦИЈА И АДМИНИСТРАЦИЈА / РЕДАКЦИОННЫЙ И АДМИНИСТРАЦИЯ**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Економски факултет
бул. „Крсте Мисирков“ бб
п.фак 201, 2000 Штип, Република Македонија

Университет «Гоце Делчев» - Штип
Экономический факультет
бул. «Крсте Мисирков» бб
п.фак 201, 2000 Штип, Македония

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

33(4+5)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна и практична конференција Управување со развојот
на економските регионални системи (6 ; 2016 ; Штип)
Управување со развојот на економските регионални системи :
Евроазиска перспектива / VI Меѓународна научна и практична
конференција, 30-31 мај, 2016 година, Штип, Македонија = Управление
развитием éкономических и регионалЬных систем : Евроазийская
перспектива / VI Meždunarodnaja naučno-praktičeskaja konferencija, 30-31 maja, 2016, Štip, Makedonija. - Штип :
Универзитет Гоце Делчев = Штип = Университет Гоце Делчева, 2017. - 370 стр. : табели ; 25 см
Трудови на мак., и рус. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-374-4

I. Международная научно-практическая конференция Управление
развитием éконом ических и регионалЬных систем (6 ; 2016 ; Штип) види
Меѓународна научна и практична конференција Управување со развојот на економските регионални системи (6 ; 2016 ; Штип)
а) Економија - Развој - Европа - Азија - Собири
COBISS.MK-ID 102620938

«Высшая бизнес-школа» Омского государственного педагогического университета
(Россия, Омск)

Университет им. Гоце Делчева (Македония, Штип)

**“Higher Business School” OmSPU, Russia, Omsk**

**“Goce Delcev” University, Macedonia, Stip**

Управление развитием экономических и региональных систем: Евразийская перспектива

**Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective**

VI Международная научно-практическая конференция

**VI International scientific and practical conference**

30-31 мая, 2016

Штип, Македония

**30-31 May, 2016**

**Stip, Macedonia**

"Goce Delcev" University, 2016

"Higher Business School" OmSPU, Russia, Omsk

"Goce Delcev" University, Macedonia, Stip

VI International scientific and practical conference

**Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective**

30-31 May, 2016 Stip, Macedonia

"Высшая бизнес-школа" Омского государственного педагогического университета (Россия, Омск)

Университет им. Гоце Делчева (Македония, Штип)

VI Международная научно-практическая конференция

**Управление развитием экономических и региональных систем: Евразийская перспектива**

30-31 мая, 2016 Штип, Македония

„Висока бизнис школа" Омск Државен педагошки универзитет (Русија, Омск)

Универзитет „Гоце Делчев" (Македонија, Штип)

VI Меѓународна научна и практична конференција

**Управување на развојот на економските и регионалните системи: евроазиски изгледи**

30-31 мај 2016 година, Штип, Македонија

Copyright © 2016

# СОДРЖИНА

**Р.Г. Власов**
**ЕВРАЗИЙСКОЕ ЭКОНОМИЧЕСКОЕ ПРОСТРАНСТВО: УПРАВЛЕНИЕ РЕГИОНАЛЬНО-ЭКОНОМИЧЕСКИМИ СИСТЕМАМИ, ГЕОЭКОНОМИЧЕСКИЕ ВЫЗОВЫ, МОДЕЛИРОВАНИЕ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ ……………………12**

**Ю.Л. Муравьев**
**ГОСУДАРСТВЕННАЯ ПРОМЫШЛЕННАЯ ПОЛИТИКА КАК ОСНОВНОЕ УСЛОВИЕ ПРЕОДОЛЕНИЯ ЭКОНОМИЧЕСКОГО КРИЗИСА В РОССИИ……………........... 28**

**М.Л.Калужский**
**ГОРИЗОНТЫ РОССИЙСКО-МАКЕДОНСКИХ ЭКОНОМИЧЕСКИХ СВЯЗЕЙ В СЕТЕВОЙ ЭКОНОМИКЕ…………………...…35**

**Ю.В.Крупенич,Н.Ю.Симонова**
**ТЕОРЕТИЧЕСКИЕ АСПЕКТЫ ИСПОЛЬЗОВАНИЯ ГОСУДАРСТВЕННО-ЧАСТНОГО ПАРТНЕРСТВА В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ……………..……..............……43**

**А.А. Сапунков**
**ПРЕПЯТСТВИЯ РАЗВИТИЮ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В РОССИИ (ОПЫТ СУДЕБНОЙ РЕФОРМЫ II–ОЙ ПОЛОВИНЫ XIX ВЕКА, КАК ПРИМЕР ПРЕОДОЛЕНИЯ ИНСТИТУЦИОНАЛЬНОЙ ОТСТАЛОСТИ)……………...………….49**

**Ю.С. Попова**
**АНАЛИЗ КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ РОССИЙСКИХ БАНКОВ НА РЫНКЕ КРЕДИТОВАНИЯ КРЕДИТНЫМИ КАРТАМИ ……………..........……55**

**T.Miceski, E.Veselinova**
**СИГНАЛИЗИРАЊЕТО НА НАТАЛИТЕТОТ И ОЧЕКУВАНОТО ТРАЕЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА ЗА КРЕИРАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ………..............……60**

**Riste Temjanovski**
**TRANSPORT INFRASTRUCTURE AND NEW GEO-ECONOMIC AND GEOPOLITICS CONTOURS: LINKS OR GAPS…………........……71**

**А.А. Желомко**
**МЕДИАЦИЯ В КОНФРОНТАЦИОННОМ МЕНЕДЖМЕНТЕ И РАЗВИТИЕ МЕДИАЦИОННОЙ КОМПЕТЕНТНОСТИ УПРАВЛЕНЦА……….................…80**

**О.А. Яскина, Н.С. Сосименко,Е.Н. Арбузова**
**ИННОВАЦИОННАЯ МОДЕЛЬ СИСТЕМЫ ПОДГОТОВКИ КАДРОВ ДЛЯ УПРАВЛЕНИЯ РАЗВИТИЕМ БИЗНЕСА НА ПРИМЕРЕ ВЫСШЕЙ БИЗНЕС-ШКОЛЫ ОМГПУ……………….................84**

**Е.Д. Ветчинкина, Р.Г. Власов**
**СТРАТЕГИЧЕСКОЕ УПРАВЛЕНИЕ ОБУЧЕНИЕМ И РАЗВИТИЕМ ПЕРСОНАЛА НА ПРЕДПРИЯТИЯХ ОБОРОННО-ПРОМЫШЛЕННОГО КОМПЛЕКСА……………..................89**

**М.Н.Гребенщикова**
**МОТИВАЦИОННАЯ СРЕДА КАК УСЛОВИЕ РАЗВИТИЯ ПРОФЕССИОНАЛЬНОЙ АКТИВНОСТИ ПЕДАГОГОВ……………………………………….......95**

**Ю. П. Денисов**
**ИМИДЖ СОВРЕМЕННОГО ВУЗА В КИБЕРПРОСТРАНСТВЕ КАК ФАКТОР КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ……………………………………………………......103**

**А.Г. Гусев, А.А.Желомко**
**ПРОБЛЕМЫ ОЦЕНКИ ПЕРСОНАЛА В НОВЫХ ЭКОНОМИЧЕСКИХ УСЛОВИЯХ РОССИИ…………………………………………………………………………....109**

**А.А Димитрюк**
**К ВОПРОСУ О СТРАТЕГИЧЕСКОМ УПРАВЛЕНИИ ЧЕЛОВЕЧЕСКИМИ РЕСУРСАМИ ПРЕДПРИЯТИЯ…………………………………………....114**

**Д.Н.Исаенко**
**МОТИВАЦИЯ СОТРУДНИКОВ CALL-ЦЕНТРА ПАО «РОСТЕЛЕКОМ»……………………........118**

**Л.П. Берестовская**
**ОСНОВНЫЕ НАПРАВЛЕНИЯ И ФОРМЫ СТРАТЕГИЧЕСКОГО УПРАВЛЕНИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫМ КОМПЛЕКСОМ МАЛОГО ГОРОДА ЕВРАЗИЙСКОГО ПРОСТРАНСТВА ……………………………………………………..123**

**О.А. Яскина**
**ИММАНЕНТНОСТЬ БИЗНЕС-ОБРАЗОВАНИЯ НА ЕВРАЗИЙСКОМ ПРОСТРАНСТВЕ КАК ГЛОБАЛЬНАЯ ПАРАДИГМА КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ НАЦИОНАЛЬНОЙ ЭКОНОМИЧЕСКОЙ МОДЕЛИ………..127**

**Elenica Sofijanova, Tamara Jovanov Marjanova, Davcev, Ljupco**
**COMMITMENT AND POLICY TO QUALITY…………………………………………………...131**

**D. Lazarov, M. Kocovski, N. Stojkovic**
**ПРЕМОСТУВАЊЕ НА ЈАЗОТ ПОМЕЃУ ИНДУСТРИЈАТА И АКАДЕМИЈАТА: КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА…………………………………………….......136**

**А.В. Посаженникова**
**ИНСТИТУТЫ РЕГИОНАЛЬНОГО РАЗВИТИЯ – ЭКОНОМИЧЕСКАЯ СИСТЕМА ЕВРАЗИЙСКОГО ПРОСТРАНСТВА КАК ИМПУЛЬС НЕО-ИНДУСТРИАЛИЗАЦИИ……………………………………………………………………………...143**

**Ю.В. Куприянов**
**МЕТОДЫ СОВЕРШЕНСТВОВАНИЯ ПЛАНИРОВАНИЯ ПРОИЗВОДСТВЕННОЙ БИЗНЕС-СИСТЕМЫ……………………………………………………………………………..150**

**Н.Ю.Симонова**
**ОСНОВНЫЕ ПРОБЛЕМЫ И ПУТИ РАЗВИТИЯ МАЛОГО ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В СУБЪЕКТАХ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ…………………...160**

**М.А. Драчук**
**СИСТЕМА ЛОКАЛЬНЫХ НОРМАТИВНЫХ АКТОВ: ВОЗМОЖНОСТИ РАБОТОДАТЕЛЯ И ТРЕБОВАНИЯ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА……………………………………….166**

**А.В. Шастин, А.В. Посаженникова**
**ИНСТИТУТЫ РАЗВИТИЯ В УСЛОВИЯХ ДОГОНЯЮЩЕЙ ЭКОНОМИКИ……………………..170**

**В.В. Проскурин, V.V. Proskurin**
**МЕТОДИЧЕСКИЕ ИНСТРУМЕНТЫ УПРАВЛЕНЧЕСКОГО КОНСУЛЬТИРОВАНИЯ………………………………………………………………………………..175**

**А.Н. Романова**
**СТРАТЕГИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ И ЕГО ПРИНЦИПЫ ……………………………………..........177**

**А.В.Биньковская, Е.В. Иванова**
**ГОСУДАРСТВЕННО-ЧАСТНОЕ ПАРТНЕРСТВО КАК ФОРМА ВЗАИМОДЕЙСТВИЯ БИЗНЕСА И ВЛАСТИ В РЕГИОНЕ…………………………………………..182**

**Г.Н. Галаганова, Е.В. Иванова**
**СТРАТЕГИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ В СОВРЕМЕННОЙ ОРГАНИЗАЦИИ……………………….....187**

**О.Н.Горбунова, Р.Г. Власов**
**МЕТОДИКА ФОРМИРОВАНИЯ ПРОГРАММ РАЗВИТИЯ МУНИЦИПАЛЬНЫХ УЧРЕЖДЕНИЙ НА СОВРЕМЕННОМ ЭТАПЕ…………………………………………………………...194**

**С.Ю. Гуща**
**ТЕОРЕТИЧЕСКИЕ АСПЕКТЫ ИНДУСТРИИ EVENT-МАРКЕТИНГА…………………………..198**

**Н.Н. Каштанов**
**РАЗРАБОТКА МЕТОДИКИ РЕЙТИНГОВОЙ ОЦЕНКИ РЕГИОНАЛЬНОГО РЫНКА ТУРИСТСКИХ УСЛУГ (НА ПРИМЕРЕ ОМСКОЙ ОБЛАСТИ)………………………….202**

**Н.Н. Каштанов, Ю.Л. Муравьев**
**ОСОБЕННОСТИ РИСКОВ В СФЕРЕ ТУРИСТСКИХ УСЛУГ……………………………………...208**

**В. В. Лазуткин**
**ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ СОЦИАЛЬНОГО ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В СОВРЕМЕННОЙ РОССИИ………………………………………………………………………......212**

**Т.В. Лалетина**
**ПРИЕМЫ НЕЙРОЛИНГВИСТИЧЕСКОГО ПРОГРАММИРОВАНИЯ В РЕКЛАМЕ…………...216**

**К. Р. Магомадова**
**МЕТОДИКА ВЫБОРА СТРАТЕГИИ АНТИКРИЗИСНОГО УПРАВЛЕНИЯ ПРЕДПРИЯТИЯ………………………………………………………………........220**

**А. С. Селезнева**
**ИСКУССТВО УПРАВЛЕНИЯ И ЕГО ВОЗДЕЙСТВИЕ НА СОЦИАЛЬНЫЙ ОБЪЕКТ………...226**

**Д.С.Толеубаева,Т.Ю. Волгина**
**КЛЮЧЕВЫЕ ФАКТОРЫ КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ ЭКОНОМИКИ ЗНАНИЙ ……......230**

**И.А. Хмелев**
**ВОССТАНОВЛЕНИЕ АВТОМОБИЛЬНЫХ ЗАПЧАСТЕЙ, И РЕЭКПОРТ НЕЛИКВИДНОЙ ПРОДУКЦИИ КАК ЭФФЕКТИВНЫЙ СПОСОБ ПОВЫШЕНИЯ УСТОЙЧИВОСТИ РАЗВИТИЯ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСКОЙ СТРУКТУРЫ НА АВТОМОБИЛЬНОМ РЫНКЕ УСЛУГ АВТОСЕРВИСА…………………………………………......234**

**А.О. Дашковская**
**ОСОБЕННОСТИ КЛАССИФИКАЦИИ КРЕДИТОВАНИЯ ФИЗИЧЕСКИХ ЛИЦ КОММЕРЧЕСКИМИ БАНКАМИ……………………………………………………………......238**

**А.М. Курманова, Н.Ю. Симонова**
**РАЗВИТИЕ РЫНКА МИКРОФИНАНСОВЫХ УСЛУГ ……………………………………….....242**

**А.С. Суворова, Н.Ю.Симонова**
**АНАЛИЗ ФИНАНСОВОЙ УСТОЙЧИВОСТИ ПРЕДПРИЯТИЯ………………………………… 246**

**А.А. Брычкова, Р.Г. Власов**
**УПРАВЛЕНИЕ И ОРГАНИЗАЦИЯ ПРОЦЕССОВ ОБЕСПЕЧЕНИЯ ФИНАНСОВОЙ УСТОЙЧИВОСТИ ПРОИЗВОДСТВЕННО-КОММЕРЧЕСКОГО ПРЕДПРИЯТИЯ В КРИЗИСНОЙ СИТУАЦИИ НА ПРИМЕРЕ ООО «СибЭК»…………………………………………250**

**А.В. Семенов**
**МОДЕЛИ ПРИНЯТИЯ УПРАВЛЕНЧЕСКИХ РЕШЕНИЙ ДЛЯ РАЗВИТИЯ БИЗНЕСА, ПОИСК ОПТИМАЛЬНОЙ МОДЕЛИ…………………………………………………254**

**В.Н. Зарубина, Р.Г. Власов**
**АНАЛИЗ РАЗВИТИЯ РЫНКА КРЕДИТНЫХ КАРТ НА ПРИМЕРЕ КРУПНЫХ БАНКОВ. ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ РЫНКА КРЕДИТНЫХ КАРТ В РОССИИ…………..259**

**Т.В. Игнатьева**
**СТРАТЕГИЯ РАЗВИТИЯ БИЗНЕСА НА ПРИМЕРЕ ОТРАСЛЕВОЙ ДИВЕРСИФИКАЦИИ АКЦИОНЕРНОГО ОБЩЕСТВА «ОСНОВА ХОЛДИНГ»…………………………………………..265**

**Е.М. Кузнецова**
**КОММУНИКАТИВНЫЕ ОСОБЕННОСТИ ВИРТУАЛЬНОЙ БИЗНЕС-СРЕДЫ РОССИЙСКОГО РЫНКА……………………………………………………………………………..270**

**А.И. Никитина**
**ТЕХНОЛОГИИ И ИНСТРУМЕНТЫ МОДЕЛИРОВАНИЯ КОММУНИКАЦИЙ СРЕДЫ РАЗВИТИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОГО ЦЕНТРА С ВНЕШНЕЙ СРЕДОЙ В СИСТЕМЕ УПРАВЛЕНИЯ КАЧЕСТВОМ…………………………………………………………274**

**Н.В. Лисникова**
**МЕХАНИЗМЫ ФОРМИРОВАНИЯ СТРАТЕГИИ РАЗВИТИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОГО ЦЕНТРА ЧЕРЕЗ ТЕХНОЛОГИИ УПРАВЛЕНИЯ ИЗМЕНЕНИЯМИ, ГЕНЕРИРУЕМЫМИ СИСТЕМОЙ ОТРАСЛЕВОГО ГОСУДАРСТВЕННОГО РЕГУЛИРОВАНИЯ…………….......280**

**С.Ю. Зяблова**
**СТРАТЕГИЯ УПРАВЛЕНИЯ ВНУТРЕННЕЙ СРЕДОЙ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОЙ ОРГАНИЗАЦИИ В УСЛОВИЯХ ИНСТИТУЦИОНАЛЬНЫХ ИЗМЕНЕНИЙ…………………...284**

**А.В. Шастин**
**ИСПОЛЬЗОВАНИЕ МЕТОДОВ ПРОЕКТНОГО УПРАВЛЕНИЯ В АГРОПРОМЫШЛЕННЫХ КЛАСТЕРАХ……………………………………………………………..289**

**Emilija Miteva-Kacarski**
**ANALYSIS OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND RUSSIA……………………………………………………………………........298**

**E. Veselinova, M. Gogova Samonikov**
**СТРАТЕГИСКИ ФАКТОРИ НА КАПИТАЛОТ НА БРЕНДОТ…………………………….....306**

**O. Gjorgieva-Trajkovska, B. Koleva, V. Georgieva Svrtinov**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ СМЕТКОВОДСТВОТО ……………………..314**

**B. Koleva, O. Gjorgieva-Trajkovska, V. GeorgievaSvrtinov**
**ПРЕДИЗВИЦИ НА МЕНАЏЕРСКОТО СМЕТКОВОДСТВО ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ……………………………………………………………………………..318**

**J. Dimitrova**
**ПРИДОНЕСОТ НА РЕВИЗИЈАТА И РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КОН ПОДИГАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И КОН ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ…………………………..324**

**M.Gogova Samonikov, E. Veselinova**
**МЕНАЏИРАЊЕТО СО Е-ФИНАНСИИТЕ КАКО ПРЕДИЗВИК ПРЕД МАКЕДОНСКАТА И РУСКАТА ЕКОНОМИЈА……………………………………………………...332**

**K. Fotova Cikovik ,R. Fotov**
**ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ КАПИТАЛ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР: АРГУМЕНТИ ЗА И ПРОТИВ……………………………………………………………………....338**

**I. Gruevski, S. Gaber**
**ДАНОЧНИТЕ ТРЕТМАНИ НА ПРИВАТНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ……………………….349**

**V. Vasileva, O. Gjorgieva-Trajkovska**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ КРЕДИТНИОТ РИЗИК ………………………359**

**Даница Стојановска**
**КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ МАЛ БИЗНИС СПОРЕДБЕНО СО МАЛИОТ БИЗНИС ВО МАКЕДОНИЈА……………………364**

УДК: 657.6(497.7)
339.727.2:657.6(497.7)

**J. Dimitrova**

Goce Delcev University, Faculty of Economics, Krste Misirkov St., 10-A, Republic of Macedonia, e-mail: janka.dimitrova@ugd.edu.mk

## ПРИДОНЕСОТ НА РЕВИЗИЈАТА И РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КОН ПОДИГАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И КОН ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

**Апстракт:** Квалитетното финансиско известување е темел на функционалното пазарно стопанство и основа за здрав финансиски систем. Инвеститорите бараат јасна слика за состојбата на средствата и изворите на компаниите, како и за опкружувањето во кое стопанисуваат. Со прифаќањето и примената на МСФИ во најголем број земји во светот се овозможи унифицираност при презентирањето на информациите во финансиските извештаи, а со тоа и разбирање на истите од поголем број стеикхолдери.

Ревизијата како научна и професионална дисциплина претставува значајна поддршка за финансискиот и економскиот развој во земјите. Целта на ревизијата е на заинтересираните страни да им обезбеди докази за вeродостојноста на презентираните информации, што се добиени од оние на кои им е доверено управувањето со имотот на друштвото, со што се подига кредибилитетот на презентираните информации и нивна употреба при донесување одлуки за инвестирање во национални и интернационални рамки.

Цел на истражување во овој труд ќе биде презентирање на придонесот на ревизијата и ревизорските извештаи кон подигање на квалитетот на финансиското известување и кон зголемување на меѓународното движење на капитал, како и придонесот и меѓународната соработка на ревизорските асоцијации во насока на унапредување на ревизорската професија, за да го поттикне придржувањето кон високите професионални стандарди во ревизиската професија, како и да ја зајакне довербата на инвеститорите во податоците кои се објавени во финансиските извештаи.

**Клучни зборови:** *информации, инвестиции, развој, професионални стандарди, меѓународна соработка.*

## THE AUDIT AND AUDIT REPORTS CONTRIBUTION IN IMPROVEMENT OF FINANCIAL REPORTING QUALITY AND INCREASING THE INTERNATIONAL CAPITAL MOVMENT

**Abstract:** High quality financial reporting is the foundation of a functioning market economy and the foundation for a healthy financial system. Investors want a clear picture of the assets and liabilities of the companies and for the environment in which тxes operates. With the adoption and application of IFRS in most countries in the world allow for uniformity in presentation of the financial statements, and therefore the understanding of same from many stakeholders.

Audit as scientific and professional discipline is an important support for financial and economic development in the countries. The purpose of the audit is a party to provide evidence of the reliability of the information presented, which are derived from those entrusted with the management of the assets of the company, which raises the credibility of the information and their use in making investment decisions in national and international level.

Purpose of the research in this paper will be presenting the contribution of audit and audit reports to improve the quality of financial reporting and to increase the international movement of capital and the contribution and international cooperation on audit associations in order to improve the auditing profession, to encourage adherence to high professional standards in an audit profession and to enhance investor confidence in the data reported in the financial statements.

**Key words:** *information, investment, development, professional standards, international cooperation.*

**Вовед**

Во услови на слободно движење на стоки, капитал, работна сила, информации и др., светот станува место кое нуди неограничени можности за раст и развој на мултинационалните компании и светската економија воопшто. Во глобализираниот пазар капиталот се сели во потрага по сѐ поевтини ресурси и работна сила, со цел максимизирање на профитот. Најбитен услов за да се донесе одлука за инвестирање или селење на капиталот е да се располага со информации врз основа на кои инвеститорите ќе носат квалитетни одлуки. Улогата на глобален информатор ја имаат финансиските извештаи кои подготвени според општоприфатената рамка за финансиско известување според Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување нудат унифицирани информации во сите земји во светот.

Правилно евидентирање на деловните трансакции, составување на реални финансиски извештаи, бизнис анализа, откривање на грешки и злоупотреби во сметководството се области на кои треба посебно да се внимава, бидејќи на тој начин се овозможува квалитетно финансиско известување за работењето на компанијата. Со воведувањето на *Меѓународните сметководствени стандарди* (МСС) и нивното прифаќање од голем број земји се избегнува шареноликоста во презентирањето на податоците за финансиската состојба на стопанските субјекти и примена на општоприфатената рамка за финансиско известување. Напоредно со воведените МСС и *Меѓународните ревизорски стандарди* (МРС) нудат унифицираност при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи и при изразувањето на независно ревизорско мислење.

Целта на ревизијата е на заинтересираните страни да им обезбеди докази за веродостојноста на одредени информации, што се добиени од оние на кои им е доверено управувањето со имотот на компанијатао. Менаџментот на компанијата е должен да креира и спроведе сметководствена евиденција и да се грижи за изготвување на финансиските извештаи во согласност со општоприфатените стандарди и рамка за финансиско известување.

## 1. Финансиски извештаи - предмет на ревизорко испитување

Корисниците на финансиските извештаи сѐ повеќе имаат потреба од квалитетни информации, врз основа на кои ќе го засноваат донесувањето на своите деловни одлуки. Освен основните компоненти на финансиски извештаи (извештај на финансиската состојба, извештај на финансиската успешност, извештај за сеопфатната добивка, извештај за промени во главнината, извештај за паричниот (готовинскиот) тек, денес сѐ поголема примена имаат и задолжителните белешки кон финансиските извештаи и објавувања на користените сметководствени политики и принципи при изготвувањето на истите. Основни сметководствени принципи и претпоставки врз основа на кои се подготвуваат финансиските извештаи се: принципот на континуитет во работењето, принципот на пресметковна основа во сметководството (фактурирана реализација) и принципот на конзистентност.

Задолжителните елементи што треба да ги содржат финансиските извештаи се пропишани во МСС 1. Стандардите не ја пропишуваат формата на финансиските извештаи, ниту пак редоследот на објавувањето на ставките, но праксата востановила одредени форми и принципи во презентирањето на финансиските извештаи коишто се широко прифатени и употребувани од страна на најголемиот број деловни субјекти.

Составните делови на финансиските извештаи се меѓусебно поврзани, бидејќи одразуваат различни аспекти на исти трансакции или други настани. Иако секој извештај обезбедува информации кои се разликуваат од останатите, ниту еден не служи само за една единствена цел, ниту пак ги дава сите информации неопходни за конкретните потреби на корисниците. На пример, билансот на успех дава непотполна слика за успешноста во работењето, освен доколку се користи заедно со билансот на состојба, односно извештајот за финансиската состојба.

Економските одлуки донесени од страна на корисниците на финансиските извештаи бараат проценка на способноста на деловниот субјект да генерира пари и парични еквиваленти и на навременоста и извесноста на нивното генерирање. Оваа способност во краен случај ја определува, на пример, можноста на деловниот субјект да ги исплати своите вработени и добавувачи, да ги плати каматите, да ги отплати заемите и да изврши распределби на своите сопственици.

Со комбинирање на податоците презентирани во ревидираните финансиски извештаи можат да се добијат бројни показатели кои би понудиле релевантни информации кои инвеститорите можат

да ги искористат при донесување на своите инвестициони одлуки. Притоа треба да се внимава показателите да се изведуваат од конзистентно подготвени финансиски извештаи.

Ревизорите, согласно со Меѓународните ревизорски стандарди, континуирано ги анализираат и споредуваат изведените финансиски показатели при оценка на вистинитоста и точноста на презентирањата во финансиските извештаи и при оценување на можноста за континуитет во работењето на деловниот субјект.

## 2. Одговорност и придонес за квалитетно финансиско известување

За квалитетна подготовка на финансиските извештаи на компанијата, ослободени од материјално значајни пропусти и грешки, одговорноста ја има менаџментот, но придонес даваат и овластените сметководители, административниот и раководен персонал, Одборот за ревизија, вработените во секторот за интерна ревизија.

- **Одговорност на менаџментот**

Менаџментот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните страндарди за финансиско известување кои се објавени и прифатени. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално значајни погрешни прикажувања, без разлика дали се како резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Овластените сметководители, административниот и раководен персонал на компанијата, исто така имаат значајна улога за квалитетна подготовка на финансиските извештаи. Едуциран и посветен персонал, кој ги почитува политиките и процедурите на работење и контрола, придонесува кон квалитетно финансиско известување ослободено од материјално-значајни пропусти и грешки.

- **Одбор за ревизија (Audit committee)**

Одборот за ревизија е орган на управување во правно лице од јавен интерес. Правните лица од јавен интерес се должни да формираат одбор за ревизија од најмалку пет члена. Мнозинството членови во одборот за ревизија се избираат од членовите на надзорниот одбор, а најмалку еден е независен и има познавање од областа на сметководството или ревизијата. Одборот за ревизија ги врши следниве работи:

- ја следи законската ревизија на финансиските извештаи;
- ја следи усогласеноста на работењето на правното лице од јавен интерес со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
- го следи процесот на ревизија на правното лице од јавен интерес и ја оценува работата на друштвото за ревизија или на овластениот ревизор - трговец поединец;
- предлага друштво за ревизија и
- ја следи работата и ја оценува ефикасноста на внатрешната ревизија и системите на управување со ризик.

Друштвото за ревизија го известува одборот за ревизија за клучните прашања кои произлегуваат од законската ревизија, со посебен акцент на прашањата поврзани со материјалната слабост на внатрешната контрола на правното лице од јавен интерес, во однос на финансиското известување.

Одборот за ревизија го назначува управниот одбор на друштвото за да врши надзор над финансиската точност, управувањето со ризиците, интерните контроли, интерната ревизија, екстерната ревизија, усогласеност со прописите, деловните политики, процедури, кодекс на етика на друштвото. Одборот за ревизија е раководно тело, чијашто задача е да ги надгледува ревизорската и контролната функција во организацијата. Силна поврзаност помеѓу Одборот за ревизија и интерната ревизија е од суштинско значење за двете страни за да ги исполнат своите одговорности.

Одборот за ревизија може да игра значајна улога во подобрување на извештајот на надворешниот ревизор, со подобрување на квалитетот на финансиските извештаи кои се во фокусот на работата на ревизијата. Од слика 1 е видливо дека постои поврзаност помеѓу постоењето на Одборот за ревизија и ревизорскиот извештај, со што Одборот за ревизија вклучува

во својот извештај откривање на повеќе содржини од Извештајот за работењето кој го подготвува менаџментот, кои можат да му користат на екстерниот ревизор при вршењето на процесот на ревизија [1 p. 230].

**Слика бр. 1**
**Односот помеѓу Одборот за ревизија и на надворешниот ревизор**




- **Интерна ревизија**

Интерната ревизија е активност што ја организира управата на претпријатието или други деловни субјекти, заради помош во оценката на работењето во целина или на одделни сегменти. Таа е дел од управувачкиот надзор на деловните функции, со цел тие да се извршуваат поефикасно, а со тоа да се обезбеди функционирање на информативниот потсистем кој на раководството ќе му обезбеди информации за донесување на соодветни деловни одлуки.

Интерната ревизија претставува сервис на менаџментот на компанијата со којшто се врши испитување на целокупното работење и тоа од аспект на ефикасното стопанисување од аспект на сметководствениот систем, системот на интерната контрола и деловните функции. Секторот за интерна ревизија работи независно од сметководствениот и другите сектори и е фокусиран на финансиските и оперативните активности на претпријатието. Организирањето на службите за интерна ревизија зависи од типот на претпријатието, неговата големина и обем на работа.

Делокругот на интерната ревизија ги опфаќа испитувањето и проценката на применливоста и ефикасноста на системот на интерните контроли, како и квалитетното извршување на преземените одговорности. **Затоа, интерната или внатрешната ревизија е сервис на менаџментот. Менаџментот ја организира како своја „продолжена рака" за да го надгледува сметководствениот систем и системот на интерните контроли заради давање помош при остварувањето на планираните цели** [7 стр. 20].

Имено, менаџментот (земајќи ги предвид и сегментите од опкружувањето) ги утврдува целите што сака да ги оствари. Целите, всушност, произлегуваат од филозофијата на менаџментот, па оттука ниту целите на менаџерите не се исти, бидејќи не се резултат на исти филозофии. Тие можат да се прикажат и на следниов начин.

**Слика бр. 2**
**Интерната ревизијата во улога на коректор на целите и плановите на менаџментот**



Од сликата може да се констатира дека целите вредносно се изразуваат во плановите, што можат да бидат краткорочни и долгорочни. Краткорочните планови се составуваат за деловната година и оперативно се разработуваат за пократки временски периоди (дневни, неделни, месечни и слично). Тие најчесто се нарекуваат мастер буџет или годишен план на компанијата. На ваков начин, преку планирањето, се дефинира и политиката на компанијата со соодветна стратегија и тактика за остварување на поставените цели.

Поради перманентно присутната опасност од одредена доза на субјективизам во извештаите на интерните ревизори се инсистира на проширување на делокругот на активностите на екстерните ревизори со дополнителна проверка и оценка на нивниот бонитет. Бидејќи интерната ревизија претставува контрола на контролниот систем на претпријатието и солиден информатор на екстерната контрола, пожелно е екстерната ревизија во неа да гледа и фактички да има соработник. Интерните ревизори се вклучени и им помагаат на екстерните ревизори во текот на спроведувањето на ревизијата на финансиските извештаи.

## 3. Придонес на екстерна ревизија за подигање на кредибилитетот на финансиските извештаи

Комитетот на американската асоцијација на сметководители (American Accounting Association – AAA) ревизијата ја дефинира како „систематски процес на објективно прибирање и оценка на доказите поврзани со извештаите за економските настани и резултати за да се потврди степенот на кореспондентност меѓу постојните извештаи за работењето и однапред утврдените критериуми и да се дистрибуираат добиените резултати до заинтересираните страни“.

Екстерните ревизори се независни, компетентни, високообразовани, искусни и стручни поединци, задолжени за испитување на презентираните финансиски извештаи на претпријатијата клиенти за потребите на бројните екстерни и интерни корисници. Изразеното мислење на независниот ревизорот за реалноста, објективноста, вистинитоста и чесноста на презентираните информации го зголемува кредибилитет на финансиските извештаи во очите на широк спектар корисници на ревизорските услуги.

Ревизорот е одговорен и за точноста на применетите постапки и техники за ревизија, валидноста на прибраните докази, за оценката на доказите и за изразеното мислење во извештајот за извршената ревизија, за вистинитоста и чесноста на презентираните податоци во финансиските извештаи на клиентот во согласност со сметководствените стандарди и останатата законска регулативи. Ревизијата претставува независно испитување на финансиските извештаи на претпријатијата, банки или други организации и врз основа на тоа испитување, давање независно мислење за веродостојноста на тие извештаи, а во согласност со барањата на поставената задача пред ревизорот, како и во согласност со соодветната законска и професионална регулатива. „Ревизијата опфаќа испитување и оценка на работењето, организираноста и деловните функции, начинот на донесувањето на деловните одлуки, функционирањето на информацискиот систем кај субјектите на ревизија, како и други прашања значајни за нивното работење” [10 стр.44]..

Со ревизијата се подобрува квалитетот на финансиското известување, со што се намалува финансиското недоразбирање со кое се соочуваат клиентите, а со тоа се зголемува надворешно финансирање, инвестиции и инвестициски ефикасност [11 p. 14]. Со ревизијата се потврдува точноста на тврдењата во финансиските извештаи за: сеопфатност, точност, постоење, случување, вреднување, мерење, права и обврски и презентирање и обелоденување. Целта на ревизијата е на заинтересираните страни да им обезбеди докази за веродостојноста на одредени информации, што се добиени од оние на кои им е доверен имотот на друштвото. Менаџментот на претпријатието е должен да креира и спроведе сметководствена евиденција и да се грижи за изготвување на финансиските извештаи во согласност со општоприфатените стандарди и рамка за финансиско известување.

Врз основа на извршената ревизија на финансиските извештаи, ревизорот формира (дава) мислење коешто може да биде:

- мислење без резерва - безусловно мислење;
- безусловно мислење со нагласување на одредено прашање;
- мислење со резерва;
- воздржување од давање мислење и
- негативно мислење.

Ревизорот со својот ревизорски извештај претставува врска меѓу корисниците на финансиските извештаи и менаџерскиот тим на претпријатието, чии финансиски извештаи се предмет на ревизија. Менаџментот ги изготвува финансиските извештаи што се предмет на испитување на ревизорот и истиот е одговорен за нивната точност. Ревизорот врши ревизија на тие финансиски извештаи и неговата одговорност е да даде мислење за точноста и исправноста на финансиските извештаи. Во текот на ревизијата, доколку се јави потреба, ревизорот сугерира определени промени што менаџментот треба да ги вклучи во финансиските извештаи, така што менаџментот изработува приспособени финансиски извештаи.

Мислењето ревизорот го искажува во ревизорскиот извештај за ревидираните финансиски извештаи. Корисниците на ревизорскиот извештај (купувачи, добавувачи, кредитори, инвеститори, работници, државни органи и јавноста и др.) го користат во донесување одлуки. Врската меѓу корисниците, менаџментот и ревизорите на ревидираните финансиски извештаи графички е прикажана на слика 3 [6 стр. 19].

**Слика 3**
**Врска помеѓу корисниците, менаџментот и ревизорите**




Следењето на овој дијаграм упатува на разбирањето на целта на ревизијата која, според Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), е дефинирана како: „целта на ревизијата на финансиските извештаи е да овозможи ревизорот да изрази мислење дали финансиските извештаи се изготвени според сите значајни аспекти, во согласност со утврдената рамка за финансиско известување“[15].

Дефинираната цел укажува дека работата на ревизорот се состои од плански сет на задачи, што ќе му обезбедат соодветен доказен материјал, врз основа на кој ќе може да формира и изрази соодветно мислење за финансиските извештаи. Тие задачи ги опфаќаат планирањето на ревизијата,

прибирањето на податоци, изведување на адекватни ревизорски постапки врз прибраните податоци, вреднување на резултатите од тие постапки и оценување на финансиските извештаи во целина.

## 4. Ревизорската професија во Република Македонија

Заложбата на Република Македонија е ревизијата да се врши согласно со Меѓународните стандарди и најдобрите практики, со што ќе се минимизираат потенцијалните ризици и ќе се привлечат нови инвеститори. Ревизијата се развива и постепено претставува значајна поддршка за финансискиот и економскиот развој во земјата. Во прилог на тоа оди и фактот дека во 2005 година е основан и Институтот на овластени ревизори на Р.Македонија (ИОРРМ), со што професијата ревизор е етаблирана и се грижи за спроведување на МСФИ и МРС, како и почитување на кодексот и етиката на професионалните ревизори.

ИОРРМ преку своите органи и тела се грижи за правилното спроведување на ревизијата од страна на овластените ревизори и друштва за ревизија и одржување на дигнитетот на ревизорската професија. Главната цел на Институтот е да воспостави методологија и алатки за имплементација на системот на проверка и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги. За таа цел се организираат работилници за континуирано професионално усовршување, на кои ревизорите се стекнуваат со знаења и вештини за квалитетно изведување на процесот на ревизијата и конзистентна организација на ревизорско досие [17].

Согласно со 8-та директива на Европска Унија, во втората половина на 2012 година во Република Македонија е основан Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (СУНРРМ), како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија и истиот константно работи во насока на унапредување на ревизијата. Целта на Советот е преку стручни анализи и препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на ревизијата да работи во насока на нејзино унапредување, да го поттикнува придржувањето кон високите професионални стандарди во ревизиската професија, како и да ја зајакне довербата на инвеститорите во податоците кои се објавени во годишните и консолидираните сметки на големите и средни трговци во Македонија. СУНРРМ активно соработува и со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, заради остварување на своите надлежности утврдени во Законот за ревизија.

Од своето основање до денес Советот настојува да ги детерминира позитивните и негативните трендови во ревизорската професија на Република Македонија со цел да донесе соодветни одлуки и да пропише повисоки стандарди за искоренување на негативните трендови и за јакнење на позитивните трендови и унапредување на ревизијата и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги. Претставниците на Советот активно учествуваат на меѓународни и домашни конференции, форуми и работилници со цел да ја промовираат ревизорската професија во Република Македонија [16].

СУНРРМ, во согласност со своите утврдени цели и активности за унапредување и поставување повисоки стандарди на ревизијата како и повисок квалитет на ревизорските услуги, а во согласност со утврденото унапредување на меѓународната активност, до сега има потпишано неколку Меморандуми за соработка со земјите од регионот и пошироко и тоа: Меморандум за соработка со Министерство за финансии на Република Српска, Босна и Херцеговина, Меморандум за соработка со Агенција (РОВ) во Албанија, Меморандум за соработка со Агенција во Словенија, Меморандумот за соработка со Комисијата за јавен надзор над овластените ревизори на Бугарија

## Заклучок

Финансиските извештаи претставуваат извор на информации кои служат за донесување на рационални економски одлуки. Унифицираниот пристап при подготовка на финансиски извештаи овозможува полесно разбирање на информациите кои ги содржат истите од страна на сите заинтересирани страни, со што се зголемува можноста за привлекување на странски инвестиции и меѓународнто движење на капитал. Менаџментот и сметководителите се одговорни за вистинитоста и точноста на презентираните информации во финансиските извештаи. Менаџмент со висок интегритет кој континуирано се залага и воспоставува организациона структура, контролно опкружување и едуциран персонал објавува веродостојни и објективни финансиски извештаи ослободени од материјално значајни пропусти и грешки.

Со ревизијата на финансиските извештаи и изразеното ревизорско мислење се потврдуваат тврдењата во финансиските извештаи и се подига кредибилитетот на истите. Со основањето на ревизорските асоцијации и нивната интернационална соработка се придонесува кон етаблирање и одржување на дигнитетот на ревизорската професија.

**Библиографија**


1. Alfateh Dr. Al -Amin A/ Rahim El- Fakki, The Role of the Audit Committee in Improving the Audit Report impartiality Using Analysis of the statement of Cash Flow-Analysis Study, 2013
2. Ацески д-р Благоја, Трајкоски д-р Бранко: Интерна и екстерна ревизија, Економски факултет-Прилеп, 2004 година
3. Ацески д-р Благоја: Сметководствен менаџмент, Економски Факултет, Прилеп, 1997.
4. Божиновска Лазаревска д-р Зорица: Ревизија, Економски факултет-Скопје, 2011.
5. Витанова д-р Гордана, Финансиски пазари и институции, Економски факултет, Прилеп, 2003.
6. Димитрова д-р Јанка, Ревизија – теоретски и практични аспекти, Економски факултет, Штип, 2013.
7. Димитрова д-р Јанка, Интерна Ревизија, Економски факултет, Штип, 2015.
8. Dan, Gaz M., NJazne C. Alderman, Alan J. NJinters: Auditing, The Druden Press, Forth NJorth, 1996.
9. INTOSAI Auditing Standards, International Organization of Supreme Audit Institutions, June 1992.
10. Николовски д-р Пеце, Организација на ревизијата на финансиските извештаи, Економски факултет, Прилеп, 2004.
11. Nemit Shroff, Real Effects of Financial Reporting Quality and Credibility: Evidence from the PCAOB Regulatory Regime, Massachusetts Institute of Technology, 2015
12. Петровић Марко: Осма директива савета Европске економске заједнице, Аудитинг - Ревизија 1/96 Мегатренд, Београд, 1996
13. Закон за ревизија
14. Закон за трговски друштва
15. Меѓународни ревизорски стандарди, Сл. весник на РМ, бр. 51/98
16. www.sunr.mk
17. www.iorrm.gov.mk